Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-158/4
20-04-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-158/1 од 09.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против Министерство за труд и социјална политика и Министерката Јована Тренчевска, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 11.04.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицето [redacted] од Скопје врз основ на образование во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за труд и социјална политика и Јована Тренчевска од функција на Министерка за труд и социјална политика.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 09.02.2023 година лицето [redacted] од Скопје, вработен во Министерството за труд и социјална политика на работно место помлад соработник за административно – оперативна поддршка и обработка на предмети за остварување права од гарантирана минимална помош во Одделение за остварување на правата од социјална заштита, Сектор за социјална заштита, поднесе Претставка бр. 08-158/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).

Во претставката подносителот тврди дека врз него е сторена дискриминација со тоа што со Решение бр. 10-1223/8 од 01.02.2023 година е распореден на работно место помлад соработник за административно – оперативна поддршка и обработка на предмети за остварување права од гарантирана минимална помош во Одделение за остварување на правата од социјална заштита, Сектор за социјална заштита и на тој начин е ставен во подредена положба во однос на останатите вработени, од причини што министерот за труд и социјална политика не го зема во предвид неговото образование по вид и ниво, не ги зема во предвид неговите професионални квалификации и работни компетенции, а со таквото Решение му се налагаат поинакви работни задачи и одговорности кои се пред сè дискриминирачки кон неговиот углед и професионален ангажман и не се во склад со работните компетенции кои ги поседува

и кои се признаени со Решение за овластување бр. 04-7476/1 од 28.10.2022 година. Тој тврди дека Министерот во моментот на донесување на решението за распоредување, бил запознаен со нивото на образование со кое тој се стекнал од Барање бр. 02-248/1 од 08.01.2020 година, како и од Евиденција на Агенцијата за вработување, за што говори и фактот дека во образложението на Решението за овластување бр. 04-7476/1 од 28.10.2022 година Министерот се повикал на тие професионални квалификации и работни компетенци. Понатаму, тој наведува дека со таквото дискриминирачко однесување и постапки на Министерот, тој како високостручен кадар се поставува во подредена позиција во однос на другите вработени, од причина што не му се дозволува и директно се попречува да го работи тоа за што го одбрал како професија, за кое се специјализирал и докторирал. Во претставката се наведува и дека Решението за негово распоредување на горенаведеното работно место, било донесено врз основ на некои претходни аналогии, но всушност дека станувало збор за сосема ново право и сосема нова методологија која му се наметнувала и за која тој бил престручен и преквалификуван, но и не соодветно квалификуван, а притоа тенденциозно се изоставени неговите последни образовни и професионални квалификации и работни компетенци, со што се попречувал да работи и напредува во полето кое го одбрал како лична професија.
Следствено, тој наведува дека со таквиот акт лично му се правела директна дискриминација во поглед на образование и професија и лично му се попречувала можноста за професионален напредок, односно намерно и свесно бил ставен во подредена и угнетена позиција од страна на Министерот за труд и социјална политика во однос на другите вработени. Оттука, тој на крајот наведува дека бара од Комисијата да ги увиди и утврди фактите со кои Министерот намерно и тенденциозно го поставува во подредена, угнетена, понижена, фрустрирачка и конфликтна положба и да наложи на Министерот да ги увиди таквите дејствија, да го поништи Решението [redacted] од 01.02.2023 година и да изготви нов акт со кој ќе ги признае неговите тековни професионални квалификации и работни компетенции кои му се признаени со Решение за овластување [redacted] од 28.10.2022 година.

Согласно Барање бр. 08-158/2 од 02.03.2023 година на Комисијата, Министерството за труд и социјална политика со Допис – одговор бр. 04-1223/18 од 30.03.2023 година се изјасни за наводите во претставката. Во одговорот се наведува дека претставката од лицето [redacted] е нејасна, од причини што не се знае што треба да биде постигнато, ниту за што истата е доставена до Комисијата. Се наведува дека изнесените наводи се нејасни, неточни, конфузни и не соодветствуваат со фактичката состојба. Во однос на наводите дека подносителот бил ставен во подредена положба во однос на другите вработени и дека не е земено во предвид неговото образование по вид и ниво, ниту пак неговите професионални квалификации и работни компетенции, децидно е истакнато дека истите се неточни бидејќи наведеното Решение [redacted] од 01.02.2023 се однесува на распоредување на исто ниво на работно место на кое подносителот бил распореден со претходно Решение бр. [redacted] од 13.06.2016 година. Се истакнува во одговорот дека новото Решение [redacted]

[redacted] е донесено единствено и само затоа што Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика морал да се усогласи со измените на Законот за социјална заштита, односно да се изменат називите на работните места во Одделението за остварување на правата од социјална заштита при Секторот за социјална заштита. Следствено, се истакнува дека при измената на Правилникот е водено сметка работниците да бидат распоредени на работните места со нови називи на исто ниво, со што не била направена никаква повреда, ниту пак некој бил ставен во подредена положба во однос на другите вработени по било кој основ. Понатаму, се наведува дека сосема се неточни наводите во претставката дека со Решението [redacted] од 01.02.2023 година, работните задачи и одговорности не соодветствувале и не биле во склад со видот и нивото на образование на подносителот, бидејќи во досието на подносителот има Уверение за завршен Филозофски факултет со стекнат стручен назив дипломиран социолог, па оттука предвидените задачи и обврски апсолутно соодветствуваат со видот на образованието на подносителот. Во однос на повисокиот степен на образование со кој се стекнал подносителот на претставката, во одговорот се наведува дека таквиот степен на образование подносителот го завршил по негова волја, односно се стекнал со назив магистер и одбранет магистерски труд „Суфизмот и религиската толеранција во Европска Унија", а не по барање на работодавачот и за неговите потреби затоа што тој вид на магистерски труд воопшто не бил потребен во министерството. Во таа насока, во одговорот се наведува дека за да се излезе во пресрет на упорните барања на подносителот, истиот добил Овластување да врши работни задачи во Секторот за европска интеграција и меѓународна соработка. Со тоа, таквото постапување на Министерството не било во насока на негово дискриминирање, туку на уважување на неговите барања и наоѓање законски начин да му се овозможи реализација на стекнатите теоретски знаења во пракса, но и обид да се следи неговата работа во однос на тоа дали воопшто е кадарен и способен да ги врши работите во тој Сектор, со цел евентуално понатамошно унапредување во постапка која однапред треба да биде предвидена и по препорака и барање на непосредно претпоставениот. Понатаму, се наведува дека апсурдно е барањето на подносителот за изготвување на нов акт, со кој според него би му се признале неговите квалификации, бидејќи таквото барање е неизводливо во рамки на постојните позитивни законски прописи, од причини што распоредување на ново работно место на повисоко ниво може да се реализира само во законски спроведена процедура и постапка доколку се исполнети условите за тоа, што според нив не се.

Оттука, Комисијата ценејќи ги наводите во претставката и во одговорот за изјаснување, заедно со приложената документација, утврди непостоење на веројатност за сторена дискриминација врз основ на образование како што е наведено во самата претставка.

Имено, Комисијата не ги најде за веројатни изнесените факти и околности во претставката, од причини што подносителот кон претставката не приложил релевантни факти со кои би го сторил веројатно постоењето на

дискриминација, односно истиот не навел и доставил податоци за спроведена постапка за вработување, односно унапредување за работното место од повисоко ниво во Министерството за труд и социјална политика. Дотолку што истиот не навел релевантни факти за спроведен избор, односно дека се пријавил на објавен оглас за вработување за повисоко ниво на работно место и звање и дека со изборот на лице за вработување на тоа место, споредбено, самиот тој бил ставен во понеповолна положба од останати пријавени лица или избраното лице, или пак дека бил спречен да го оствари своето право согласно позитивните законски прописи во постапката за вработување врз основ на образование.

Согласно член 5 став 1 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/2019, 14/2020 и 302/2020), институциите, согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, имаат обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да ги огласуваат преку интерен, односно јавен оглас.

Понатаму, согласно член 6 став 2 од истиот Закон, унапредувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на интерен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката за учинокот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените во институцијата.

Согласно член 30 ставови 1 и 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020 и 215/2021), пополнувањето на работно место на административни службеници се врши преку спроведување на постапка за вработување, унапредување и мобилност преку распоредување или преземање. Постапката за вработување започнува со објавување на јавен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат за работното место и истиот заснова работен однос со работодавачот, додека постапките за унапредување започнуваат со објавување на интерен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат од редот на вработените во институцијата и истиот преминува на работно место на повисоко ниво.

Видно од податоците за работното место на кое подносителот е распореден со Решението бр. 10-1223/8 од 01.02.2023 година, се увидува дека се работи за работно место од исто ниво и за кое се предвидени исти посебни услови во однос на степенот на образование, како и за работното место на кое претходно бил распореден, односно дека само називот и содржината на описот на работните задачи и обврски се изменети во поглед на усогласување со изменетиот Закон за социјална заштита („Службен весник на РСМ" бр. 146/2019; 275/2019; 302/2020; 311/2020; 163/2021; 294/2021; 99/2022; 236/2022; 273/2022 и 65/2023), а во однос на изменетите права од социјална заштита. Па следствено на тоа, горенаведеното Решение било неопходно за донесување, како резултат на изменетиот, односно усогласениот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика,

со цел распоредување на работно место со друг назив, од причини што претходното работно место на кое бил распореден подносителот како административен службеник, повеќе не постоело.

Дискриминација пак, согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од истиот Закон, *постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Оттука, согласно горенаведеното, првенствено не е утврдена повреда за истата да се утврди дали е каузално поврзана со одреден дискриминациски основ, па следствено да се утврди постоење на директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Оттука, Комисијата имајќи го во предвид горенаведеното, согласно изнесените факти и во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, не го најде за веројатно тврдењето дека е сторена дискриминација во смисла на член 6 и член 8 став 1 врз некој од основите согласно член 5 од Законот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

1. [redacted]
2. *Министерство за труд и социјална политика, ул. Даме Груев 14, Скопје*
3. *Архива на Комисијата*